## Настап на компанијата Sardich MC на конференцијата Minex Europe 2018

На 12 и 13 јуни 2018 година во Скопје, Република Македонија, се одржа меѓународна конференција за рударска индустрија, Minex.

Како учесник на конференцијата и спонзор на една од сесиите настапи компанијата Sardich MC.

Управителот на компанијата, Игор Богданов, настапи со презентација на тема заштита на животната средина. Во презентацијата беа претставени основните аспекти на проектот на компанијата - Рударски комплекс за производство на бакарни катоди Казандол, кои се однесуваат на заштитата на животната средина.

На примерот на еколошки безбеден комплекс Казандол беше покажано, како во современи услови може да се создаде рударски комплекс, кој не само што обезбедува еколошка безбедност, туку во текот на својата дејност создава поприфатливи услови за развојот на локалните заедници. Беше претставена информација, колку многу средства, сили и внимание одвоија инвеститорите непосредно за создавање на безбедни услови за работа на рудникот, како за животната средина така и за заштита на здравјето и обезбедување на материјалната благосостојба на населението од југоисточниот регион на Република Македонија.





**На презентацијата на управителот исто беа разгледувани проблемите со кои се судри компанијата во текот на реализацијата на проектот. Основните од тие проблеми се:**

**- Кампања, што нема преседан, за манипулација со свеста на населението на југоисточниот регион на Македонија, по пат на ширење на невистинита и отворено лажна информација што не се однесува до проектот, а која се вршеше од мала, но добро организирана, агресивна и мотивирана група луѓе, кои се криjат зад штитот на невладините еколошки организации,**

**- нелогични и незаконски решенија на претставниците на власта во корист на чисто политичките интереси.**

**Учесниците на конференцијата, претставниците на странските рударски компании, како и дипломатските претставници на другите земји, длабоко се заинтересираа за проблемите на рударската индустрија во Македонија на примерот на компанијата Sardich MC, покажаа загриженост во поглед на неправедниот однос на Владата на Република Македонија кон странските инвеститори.**

**Како и да е, рударскиот комплекс Казандол беше и остана прв проект за ископ на метали и производство на готови производи во Македонија во последниве 40 години, кој притоа е еколошки безбеден бидејќи строго се придржува кон сите македонски и европски стандарди за заштита на животната средина. Компанијата Sardich MC продолжува да се бори за економскиот развиток на Македонија, како и за богатата и еколошки безбедна иднина на идните генерации.**

